# АВСТРАЛИСКИТЕ ЖИВОТНИ



Кенгуротот, коалата, вомбатот, зајакот, патката и змијата дојдоа на потокот да пијат вода. Тие почнаа да се караат кој од нив е најдоброто животно.

Коалата: Јас имам убаво, меко крзно.

Змијата: А јас можам да̀ несам јајца.

Патката: И јас можам да несам јајца. Тоа е лесно. Ама јас можам да пливам и да се нуркам под водата. Затоа јас сум најдоброто животно.

Зајакот: Како да не!? Можеш ли ти да копаш дупки под земјата? Никој друг не може да копа како мене.

Вомбатот: Па и јас можам да копам дупки. Јас живеам во дупка.

Зајакот: Знам, ама ти не можеш да рипаш како мене. Затоа јас сум најдоброто животно.

Кенгурот: Ако е за рипање, јас рипам највисоко од сите животни. Секој го знае тоа.



Тогаш од потокот излезе платипусот и седна до животните.

Кенгурот: Ние треба да одбереме кој е најдоброто животно. Што ќе кажеш ти за себе?

Платипусот не зборуваше ништо. Тогаш животните почнаа да кажуваат.

Коалата: Платипусот има меко крзно како мене. Тој е мој другар.

Змијата: И платипусот несе јајца како мене.

Патката: Тој може да плива и да се нурка под водата. Тој е и мој другар.

Вомбатот: Тој копа дупки исто како мене.

Кенгурот: Па платипусот има по нешто од сите нас.

Платипусот мирно си замина. Животните престанаа да се караат.

I а) Што можат да прават овие животни?

| | |
|---|---|
| | несе јајца, плива и се нурка |
| коалата → има убаво крзно | рипа највисоко |
| змијата | има убаво крзно |
| патката | копа дупки во земјата |
| зајакот | несе јајца |
| вомбатот | копа дупки и рипа далеку |
| кенгурот | |

б) Напишете што велат животните за платипусот:

Платипусот има меко крзно.

II а) Напишете ги деловите на телото до цртите:



глава

нозе

очи

опашка

клун

тело

б) Напишете ги испуштените зборови:

| | |
|---|---|
| долга<br>куса | Кенгурот има д о л г а опашка.<br>Зајакот има ________ опашка. |
| тенко<br>дебело | Вомбатот има ________ тело.<br>Змијата има ________ тело. |
| големи<br>мали | Коалата има ________ уши.<br>Зајакот има ________ уши. |

III а) Што можеш да правиш ти?   Стави ✓ :

| | можам | не можам | |
|---|---|---|---|
| Јас | | | да рипам високо. |
| | | | да трчам брзо. |
| | | | да пливам далеку. |
| | | | да цртам убаво. |
| | | | да си го местам креветот. |

б) Што знаеш да правиш ти?

| | знам | не знам | |
|---|---|---|---|
| Јас | | | да пливам. |
| | | | да свирам на гитара. |
| | | | да читам македонски. |
| | | | да се скијам. |
| | | | да играм тенис. |

* Прашај го твојот другар / другарка и напиши што можете и знаете исто да правите.

IV Ставете ја оваа приказна во ред:

☐ Прво си купи карти.

☐ Љуба си најде место и седна.



[1] Вчера Љуба отиде во кино.

☐ Филмот почна.

☐ Потоа си купи чипси.

# 9. АВСТРАЛИСКИТЕ ЖИВОТНИ

I Напишете ги испуштените зборови:

Коалата е мало ______________. Таа живее на дрво и јаде само ______________. Коалата има меко ______________ и мали уши. Таа нема ______________. Малото седи на грбот од ______________ му. Коалата не може да оди ______________. Таа може да се ______________ по дрва.

| | | | |
|---|---|---|---|
| опашка | качува | лисје | животно |
| мајка | брзо | крзно | |

II Напишете ТОЈ, ТАА, ТОА, НИЕ, ВИЕ, ТИЕ каде што треба:

1. Миле не е дома. _____ е во паркот.
2. Соња свири на гитара. _____ свири многу убаво.
3. Јас ве викав. _____ не ме слушавте.
4. Јас и Томе имаме два долари. _____ ќе си купиме сладолед.
5. Весна и Боби се дома. _____ пишуваат домашна работа.
6. Ѕвонко има едно куче. _____ се вика Брик.

III Напишете ги испуштените букви во зборовите:

| | | | |
|---|---|---|---|
| У | за _ ак | кенг _ р | мо _ |
| Ј | нико _ | д _ пка | _ баво |